Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ..... 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ..... 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ..... 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „ОСВРТ КОН МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ“ ОД ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КОСТАДИНОВСКИ И ДОЦ. Д-Р ОЛИВЕРА ЃОРГИЕВА-ТРАЈКОВСКА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлука бр. 1702-342/5 од 65. редовна седница на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 11.11.2013 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Трајче Мицески, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Круме Николоски – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов **„ОСВРТ КОН МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ“** од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, наменета за студентите од прв циклус студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Осврт кон Меѓународните стандарди за финансиско известување” од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува една заокружена целина на материјата поврзана со регулативата на меѓународната сметководствена практика, преточена во Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет Меѓународни стандарди за финансиско известување. Скриптата е наменета за изучување од страна на студентите од втора студиска година (трети семестар), на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Меѓународни стандарди за финансиско известување се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2) и на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен (2+1+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 224 страници, од кои на последната страница се сместени релевантните библиографски единици, пред сè службени весници и останата законска регулатива што ја третира оваа специфична проблематика. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на Правилникот за водење на сметководството во Република Македонија и на објавените МСФИ во „Службен весник на РМ“, со кои се регулира финансиското известување на ентитетите во нашата земја. И покрај тоа што се работи за законска материја, која се одликува со комплексност и изразена променливост, истата е неопходна во креирањето и презентирањето на финансиските извештаи на деловните ентитети, кои би биле компатибилни со финансиските извештаи на сите останати ентитети, независно од која земја потекнуваат. Особено е значајно изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Сметководство, финансии и ревизија, со оглед на фактот што

Меѓународните стандарди за финансиско известување претставуваат основа и наоѓаат примена речиси во сите останати предметни дисциплини кои се изучуваат на оваа студиска насока. Примената на МСФИ во финансиското известување на деловните ентитети несомнено води кон унифицирано, транспарентно и ефикасно сметководствено работење, кое претставува основа за донесување на квалитетни деловни одлуки за алокација на капиталот. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со големо теоретско и практично значење, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои неминовно мора да ги применуваат МСФИ во своето работење.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е концепиран во десет посебни единици, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

*Првата тематска единица* го обработува поимот Меѓународни стандарди за финансиско известување и нивното значење, како основа за глобалната сметководствена хармонизација. Авторите на јасен и разбирлив начин ги обработуваат детерминантите на сметководствената хармонизација, телата одговорни за донесување, развој и толкување на МСФИ – Меѓународни стандарди за финансиско известување, како и содржината на Правилникот за водење на сметководството во РМ.

*Втората тема* е посветена на рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, која претставува основа за донесување, примена и развој на сите МСФИ. Овде, сосема оправдано и неопходно, се обработени целите на финансиските извештаи, квалитативните карактеристики на сметководствените информации, дефинирањето, признавањето и мерењето на елементите на финансиските извештаи, како и концептите на капиталот и одржување на капиталот на ентитетите.

*Наредните тематски единици* (од трета до десетта) се однесуваат на конкретна разработка на поединечните МСФИ, толкувањата на ПКТ (Постојаниот комитет за толкувања) и толкувањата на КТМСФИ (Комитетот за толкување на Меѓународните стандарди за финансиско известување). Се работи за една специфична материја, која не дозволува излегување од рамките на она што претставува законски дефинирани правила, принципи и политики. Авторите успеале, на еден логичен и разбирлив начин, да ги издвојат деловите од доста обемните и комплексни МСФИ, од кои студентите ќе ги добијат основните сознанија за целта, делокругот на примената, основните дефиниции, принципи и барања на одделните стандарди, кои обработуваат посебни проблематики.

*Третата тематска* единица ги опфаќа сметководствените стандарди поврзани со првичното усвојување на МСФИ - Меѓународните стандарди за финансиско известување од страна на деловните ентитети, кои ги заменуваат постојните национални сметководствени стандарди; презентирањето на финансиските извештаи; меѓупериодското финансиско известување и известувањето за оперативните сегменти.

*Четвртиот дел* ги обработува: извештајот за парични текови, како еден од главните финансиски извештаи од кои се согледува способноста на деловниот ентитет за генерирање на пари и парични еквиваленти; примената на сметководствените политики, проценки и исправки на грешки; залихите, како категорија во која се врзуваат значителни износи на средства од страна на ентитетите и приходите кои се остваруваат по различни основи (нивно дефинирање, признавање, мерење, обелоденување).

*Петата тематска единица* ги разработува дефинициите, принципите на мерење и признавање и потребните обелоденувања поврзани со нематеријалните средства, истражувањето и вреднувањето на минералните ресурси; недвижностите постројките и опремата и обезвреднувањето на средствата, како многу значаен процес, преку кој се обезбедува вреднување на средствата по нивната надоместлива вредност.

*Шестиот дел* го опфаќа финансиското известување во врска со нетековните средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења; договорите за изградба (видови, права, обврски, обелоденувања); финансиското известување во врска со трошоците за позајмување (камати, тантиеми, надоместоци).

*Седмата тематска единица* е посветена на меѓународните сметководствени стандарди со кое се регулираат односите помеѓу деловните ентитети и правата, обврските и обелоденувањата што произлегуваат од тие деловни односи: деловните комбинации,

принципите, методите и правилата на сочинување на консолидирани и посебни финансиски извештаи; обелоденувањата за поврзани страни; вложувањата во придружени ентитети и учествата во заеднички вложувања.

*Осмиот дел* ги обработува: известувањето за ефектите од промените на девизните курсеви; барањата за финансиското известување во хиперинфлаторни економии; меѓународниот сметководствен стандард со кој се регулира земјоделската дејност; сметководствените барања за државните поддршки и обелоденувања на државна помош; користите за вработените и сметководственото известување од страна на плановите за користи при пензионирање.

*Деветтата тематска единица* ги обработува меѓународните сметководствени стандарди, како и со нив поврзаните толкувања, кои се однесуваат на: обврските на деловните ентитети за даноците на добивка; финансиското известување во врска со меѓусебните односи на деловните ентитети кои произлегуваат од договорите за наеми (поими, права, обврски, обелоденувања); известувањето за резервирањата, неизвесните обврски и неизвесните средства; вложувањата на деловните ентитети во недвижности.

*Десеттата единица* е посветена на регулирањето на финансиското известување во врска со финансиските инструменти, едно од најзначајните прашања кои покренаа големи расправи во светската јавност во врска со релевантноста и применливоста на меѓународните сметководствени стандарди во услови на светска економска криза: плаќањата врз основа на акции; договорите за осигурување; обелоденувањата, презентирањата, признавањето и мерењето на финансиските инструменти; заработувачката по акција.

Преку ваквиот начин на обработка на меѓународните стандарди за финансиско известување сметаме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината и предметот на обработка на поединечните стандарди и да научат како да ги користат истите во практиката, со нагласување на фактот дека се работи за променлива материја, која бара континуирано следење и приспособување кон потребите на различните деловни ентитети.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното:

## МИСЛЕЊЕ

Учебното помагало - скрипта „ОСВРТ КОН МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ“ од доцент д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува сеопфатна целина на материјата регулирана со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Авторите направиле успешна селекција на информациите, од инаку обемните и комплексни Меѓународни стандарди за финансиско известување, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како овие стандарди да ги применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат овие стандарди во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на принципите и политиките обработени во нив.

Со оглед на големото значење кое процесот на сметководствена хармонизација и унификација го има во развојот на глобалната светска економија, сметаме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Осврт кон Меѓународните стандарди за финансиско известување” од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска да го одобри за издавање.**

**Штип, ноември 2013 г.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајче Мицески, с.р.**
**Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**